Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 9-тата седница одржана на 09.10.2024 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена под број 12-685/1 од 09.02.2024 година, во која се изнесени наводи за повреда на правото на сопственост на недвижен имот и во која е изразено незадоволство од резултатот и времетраењето на судски постапки во кои подносителот бил странка, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што оцени дека друг орган е надлежен да постапува.

Предметот да се достави на понатамошно надлежно постапување до Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-685/1 од 09.02.2024 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител, на ден 09.02.2024 година, поднесена е пријава со наводи за повреда на правото на сопственост на недвижен имот, во која е изразено и незадоволство од резултатот и времетраењето на судски постапки во кои подносителот бил странка, и оформен е предмет број 12-685/1 од 09.02.2024 година.
Во пријавата подносителот, без да посочи конкретни службени лица и без да упати на конкретни неправилности во постапки пред надлежните органи, пријавува дека во постапка спроведена во 2008 година наводно незаконски бил одземен фамилијарен имот кој сè уште е во негово владение. Подносителот посочува дека неговото право на сопственост на конкретниот имот било потврдено со правосилна одлука на Основниот суд

/// од /// година, извршна од /// година, но дека по донесувањето на Одлуката, во подолг период биле водени и други постапки, пред надлежни судови и во рамки на други органи. Во прилог на пријавата врз чија основа е оформен предметот, подносителот доставил копии од договори, од судски пресуди, од кореспонденција и од друга документација за која смета дека е поткрепа за постоењето на правото на сопственост/ владение на конкретниот имот.

Имајќи ги предвид одредбите на членот 36 од Законот за судскиот совет на Република Северна Македонија, каде во став 1 алинеја 5 е регулирано дека Советот е надлежен да ја следи и оценува работата на судиите, и каде во став 1 алинеја 15 е регулирано дека Советот е надлежен да постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, и воедно, имајќи предвид дека во пријавата не се опишани дејствија што упатуваат на дефиницијата на поимот корупција од ставот 2 на членот 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, туку е изразено незадоволство од резултатот и времетраењето на судски постапки кои се воделе во повеќе инстанци при што биле донесени судски пресуди а од страна на подносителот на пријавата биле користени и правни лекови, ДКСК констатира дека во случајот станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку се работи за наводи по прашање поврзано со надлежно постапување на друг орган, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Следствено, ДКСК оцени дека постојат услови предметот да го достави на надлежно постапување до Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk